


## УПАТСТВО ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Иницијативата Нов европски Баухаус (НЕБ) ги повикува сите Европејци да замислат и заедно да изградат одржлива и инклузивна иднина, убава за нашите очи, умови и души.

Создавајќи мостови меѓу различни култури, правејќи пресек на различни дисциплини и имајќи го како темел учеството на сите нивоа, Новиот европски Баухаус инспирира движење за олеснување на преобразбата на нашите општества во согласност со три неразделиви вредности:

- **одржливост,** од климатски промени до циркуларност, нула загадување и биодиверзитет;
- **инклузивност,** од вреднување на различноста до обезбедување пристапност и достапност;
- **естетика и квалитетно искуство** за луѓето преку дизајн, позитивни емоции и културолошки придобивки.

Европската комисија ја отпочна иницијативата кон крајот на 2020 година со цел да ги сплоти заедниците и да го поврзе Европскиот зелен договор со нашиот секојдневен живот и простор на живеење.

Првите две изданија на наградите Нов европски Баухаус во 2021-та и 2022 година покажаа дека локалните заедници можат да дејствуваат заедно и да најдат креативни решенија што ги подобруваат нашите животи. Последните две години, Наградите беа доделени за исклучителност и креативност во примената на Новиот европски Баухаус и истакнаа исклучителни проекти, идеи и концепти (пристигнаа над 3.000 пријави) кои беа дополнителна инспирација за развој на иницијативата.

Како и во 2022-та, Наградите за 2023 година ќе бидат доделени во четири категории базирани на тематските оски на преобразба кои го водат остварувањето на Новиот европски Баухаус[1]:

- **Повторно поврзување со природата**
- **Обновување на чувството на припадност**
- **Давање приоритет на местата и луѓето на кои тоа им е најпотребно** и
- **Потреба од долгорочно размислување за животниот циклус во индустрискиот екосистем.**

[1] Категориите ја изразуваат визијата развиена во Известувањето на Европската комисија за Новиот европски Баухаус, поаѓајќи од придонесите на заинтересираните страни во фазата на дизајн на иницијативата.

Изданието на Наградите за 2023 година, освен од земјите-членки на ЕУ, ќе прима апликации и од земјите од **Западен Балкан[2].**

2023-та е Европска година на вештини. Во овој контекст, изданието во 2023-та ќе содржи и дополнителна тематска нишка **за образование и учење**.

Сите пријави треба исклучително добро да го одразуваат триаголникот на вредности на Новиот европски Баухаус – одржливост, инклузивност и естетика/ квалитетно искуство – истовремено ставајќи ги учеството и визијата на локалните заедници во центарот на процесот.

Во секоја од четирите категории се воспоставени три паралелни нишки на натпреварот:

- Нишка А: **„Шампиони на Новиот европски Баухаус“** ќе биде посветена на постоечки и завршени проекти со јасни и позитивни резултати.
- Нишка Б: **„Ѕвезди во подем на Новиот европски Баухаус“** ќе биде посветена на концепти поднесени од млади таленти на возраст до 30 години. Концептите можат да бидат во различни фази на развој, од идеи со јасен план, до ниво на прототип.
- Нишка В: **„Образовни шампиони на Новиот европски Баухаус“** ќе биде посветена на иницијативи што се фокусираат на образование и учење. Прифатливи се завршени проекти, како и иницијативи со минимално ниво на зрелост.

Во секоја категорија и секоја нишка, од страна на стручно жири, ќе биде избран по еден добитник (т.е. вкупно 12 добитници). Во секоја нишка, со јавно гласање, ќе биде избран и еден дополнителен добитник од четирите категории (т.е. вкупно 3 награди со јавно гласање). Добитниците ќе ги примат наградите Нов европски Баухаус на официјална церемонија што ќе ја организира Европската комисија.

## ЧЕТИРИТЕ КАТЕГОРИИ




### Повторно поврзување со природата

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти кои ги доближуваат поединците и заедниците до природата, придонесуваат за регенерација на природните екосистеми и спречуваат губење на биодиверзитетот, или ги канат да го преиспитаат нивниот однос со природата од гледна точка во која центар ќе биде животот наместо од онаа во која се поаѓа од човекот.

Примерите може да вклучуваат физичка преобразба на места, покажувајќи како нови, обновени или регенерирани опкружувања и јавни простори можат да **придонесат за заштита, возобнова и/или регенерација на природните**

[2] Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.
* Ова именување е без предрасуди кон ставови за статусот и е во склад со мислењето на РСБОН 1244/1999 и МСП за декларацијата на независност на Косово.

**екосистеми** (вклучувајќи ги циклусите на почвата и водите) и **биодиверзитетот**. Примената на **решенија и материјали базирани на природата** би можело да биде важна димензија во физичката преобразба.

Преобразбата би требало да придонесува и за социјална инклузивност, земајќи ја, на пример, предвид финансиската достапност и пристапноста на местото, вклучувајќи ги принципите на „дизајн за сите“, користејќи ги **одржувањето и возобновата на неговата средина** како заедничка задача на целата зедница, и употребувајќи ги **зелените површини како поврзувачи** меѓу општите и заедничките простори во разни области. Преобразбата треба да им донесе на заедниците придобивки во форма на квалитетно искуство, на пример, земајќи ги предвид локалните културни традиции и наследства, локалните потреби и, во случајот на нишката В, потребите и целите за образование и учење.

Покрај тоа, примерите може да покажат како настаните, активностите, процесите и производите може **да доловат чувство или искуство на постоење како дел од природата и да ја променат гледната точка кон природата.** Овие би можеле да биде соседски и грасрут иницијативи, уметнички иницијативи и фестивали, итн.

За нишката В, примерите може да вклучуваат иницијативи за образование и учење што доловуваат чувство на припадност кон природата или промена на гледната точка кон неа. Покрај тоа, за нишката В, примерите може да бидат нови мултидисциплинарни курикулуми, наставни програми, педагошка методологија, алатки, итн.

## Обновување на чувството на припадност

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти кои придонесуваат кон чувство на припадност, им даваат „дух“ или „значење“ на местата, заедниците или производите и кои ја слават разновидноста.

Примерите може да вклучуваат физичка преобразба на места, покажувајќи како ново, обновено или регенерирано опкружување може да **се поврзе со локалното историско наследство и традиции или со локалните елементи на современите демографски реалности, културни и уметнички динамики и стилови на живот.** Исто така може да прикажат како регенеративните процеси може да придонесат за враќање на **чувството на припадност или за оформување на амбиции ориентирани кон иднината на заедниците на локално или регионално ниво.** Пренамената на простори во насока на позитивни **меѓугенерациски размени и градење заедници** би можело да биде важна димензија.

Покрај тоа, примерите може да содржат развој на производи, процеси и бизнис модели **изградени врз основа на локални**

**култури, традиции, умешности, занаети и современа разновидност и креативност.** Може да станува збор за мода, мебел или внатрешен дизајн, но и за храна или други елементи на нашиот секојдневен живот кои носат чувство на припадност на локално ниво.

Примери за нишката В може да се нови мултидисциплинарни курикулуми, наставни програми, педагошка методологија, алатки, итн. Покрај тоа, во нишката В, надградувањето на локалната култура и занаети може да вклучува и пренесување на традиционални знаења, умешности и вештини.

3



## Давање приоритет на местата и луѓето на кои тоа им е најпотребно

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти што придонесуваат за задоволување на потребите на териториите, заедниците и поединците на кои им е потребно итно внимание поради специфични економски, општествени или физички одбележја.

Примерите може да вклучуваат физичка преобразба и регенерација на територии и места, вклучувајќи мали села, рурални области, градови што се смалуваат, уназадени градски квартови, деиндустријализирани области, места кои прифаќаат бегалци или места кои тежнеат да бидат пристапни за сите. Може да вклучуваат развивање на амбициозни **социјални и времени проекти за домување** и **враќање кон првичната состојба, обновување, регенерација на згради и нивното опкружување во борба против сегрегацијата и изолацијата.** Примерите може и да задоволуваат одредени потреби на групи и поединци кои се најранливи, како оние кои **бегаат од вооружен конфликт, се под ризик од исклученост или сиромаштија или пак се бездомни.**

Покрај тоа, примерите може да покажат како напредната примена на прицитот на **„дизајн за сите“** во преобразбата на изградената средина може да ги опфати проблемите со пристапност за лицата со попреченост, како и факторите на стареење.

Други предлози може да покажат како **услугите за заедницата**, новите начини на сплотување на разни заедници (на пример, во повеќегенерациско опкружување) и/или разни функции (домување, општествена инклузија, итн.) може да донесат **нови решенија за задоволување одредени потреби.** Примерите може да вклучуваат и модели за сопственост и бизнис модели, како **шеми против шпекулации, модели на соработка или инвестиции со позитивно влијание**.

Во случајот на нишката В, може да биде низ начини на обука и учење што одговараат на потребите на оние на кои им е потребно особено и итно внимание. Примерите може да покажат

и како обуката и учењето може да помогнат за сплотување на разни заедници и разни генерации.

4 

### Оформување на циркуларен индустриски екосистем и поддршка за размислувањето за животниот циклус

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти што придонесуваат за преобразба на индустриските екосистеми во насока на поодржливи пракси во духот на циркуларноста, земајќи ги предвид значајните општествени аспекти.

Примерите може да вклучуваат преобразба на елементи на одредени синџири на вредност, од набавка на суровини до рециклирање на отпад во разни екосистеми, од **изградба до сектори за текстил и животен стил** (мебел, дизајн, итн.). Во таа смисла, соодветни примери може да бидат нови процеси, нови материјали, одрживо набавени **решенија и производи базирани на природат**а или нови бизнис модели што носат јасни придобивки во однос на одржливоста и циркуларноста, како и во однос на квалитетот на живот за сите и дизајнот за сите. Тука треба соодветно да се интегрираат финансиската достапност и општествената инклузија.

Примерите може да промовираат нови економски модели, особено во **социјалната и близинската економија и инвестициите со позитивно влијание.** Примерите може да вклучуваат и иницијативи кои, преку преобразба на индустрискиот екосистем или процеси, исто така придонеле за општ социо-економски развој на местото/регионот. Примерите може да се состојат и од методи, алатки или водство што ја олеснуваат (себе)процената на циркуларните перформанси на разни видови на добра и услуги.

За нишката В, примерите може да претставуваат и проекти што се однесуваат на потребните знаења и вештини и поврзаните **потреби за учење и обуки за преобразба на индустрискиот екосистем во насока на поголема одржливост и циркуларност.**

## КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ

Пријавите за наградите Нов европски Баухаус треба да се поднесат преку платформата наменета за тоа. Завршените проекти (нишка А) или концепти (нишка Б), како и иницијативите за образование и учење под нишката В, треба да се детално објаснети во соодветниот формулар за пријава.

Формуларот за пријава треба детално да наведе како проектот, концептот или иницијативата ги застапува **трите вредности на Новиот европски Баухаус.** Исто така, треба да вклучува и елементи што се однесуваат на **критериумите за**

**аплицирање и наградување**, кои се малку поинакви за секоја нишка (видете подолу).

**Секоја пријава може да биде поднесена во само една категорија и за само една нишка.** Секој што аплицира може да поднесе повеќе пријави доколку се однесуваат на различни проекти, концепти или иницијативи.

Периодот за поднесување пријави ќе започне на **6 декември** и ќе заврши на **31 јануари во 19:00 часот, централно европско време (CET).**

Пријавите може да се менуваат и дополнуваат додека се во нацрт верзија. Ве молиме да не чекате до последен момент за поднесување пријава за да избегнете проблеми како бавно вчитување на страницата до кои би можело да дојде кон крајот на периодот за примање пријави. Само пријавите поднесени до официјалниот краен рок ќе бидат земени предвид од страна на Одборот за евалуација.

## ОД ШТО СЕ СОСТОИ НАГРАДАТА?

Добитниците во секоја категорија и секоја нишка ќе добијат парична награда (еден добитник по категорија за секоја нишка, избран од жирито, и еден по нишка, избран со јавно гласање, односно вкупно 15 добитници):

- **30.000 евра** за добитниците на „Шампиони на Новиот европски Баухаус“ и „Образовни шампиони на Новиот европски Баухаус“ и
- **15.000 евра** за добитниците на „Ѕвезди во подем на Новиот европски Баухаус“.

Покрај паричната сума, секој добитник ќе има придобивки од комуникацискиот пакет овозможен од Комисијата (на пр. промоција преку социјалните медиуми и вебстраници на Комисијата, изработка на кратко видео и поддршка при промовирањето на проектите).

## КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Сите **што аплицираат** за наградите Нов европски Баухаус мора да ги исполнуваат следните критериуми:

1. Може да аплицираат жители на ЕУ и надвор од ЕУ, но нивните проекти мора да бидат имплементирани во ЕУ или во земјите од Западен Балкан.
2. Специјални правила се однесуваат на одредени ентитети (на пример, ентитети подложни на ограничени мерки на ЕУ според член 29 од Договорот за Европска Унија (ДЕУ), член 215 од Договорот за функционирање на Европската Унија (ДФЕУ)1[3] и ентитети опфатени со Насоките на Европската

[3] Ве молам запомнете дека Службениот весник на ЕУ ја содржи официјалната листа и, во случај на конфликт, надвладува над онаа на Мапата на санкции на ЕУ

комисија бр. 2013/C 205/05[4]). Таквите ентитети не се подобни да учествуваат во какво било својство.

3. Апликациите мора да бидат поднесени од страна на:
    a) За нишката А: поединец/поединци или организација/организации (град или регион, финансиер, организатор) што има(ат) право да го претставуваат проектот.
    b) За нишката Б: поединец или група поединци кој/која/кои (с)е автор(и) на концептот. Сите кои се пријавуваат во оваа нишка мора да имаат 30 години или помалку на последниот ден од повикот за пријави. Пријавата може да биде поднесена и од страна на организација доколку сите нејзини членови вклучени во создавањето на дадениот концепт имаат помалку од 30 години.
    c) За нишката В: поединец/поединци или организација/организации кој/која/кои (с)е автор(и) или претставници на иницијативата.
4. Оној кој аплицира не треба да биде во една или повеќе од исклучителните ситуации предвидени во член 136 од Финансиската регулатива[5]
5. Оној кој аплицира ќе преземе целосна одговорност во случај на тужба поврзана со активностите спроведени во рамки на натпреварот;
6. Мора да биде посочено името на правниот застапник.

Покрај тоа, сите **пријави** за наградите Нов европски Баухаус мора да ги исполнуваат следните критериуми:

7. Пријавите мора да бидат поднесени преку онлајн платформата не подоцна од 31 јануари 2023 година, до 19:00 часот по централно европско време.
8. Пријавите мора да бидат на англиски јазик.
9. Имајќи предвид дека двојно финансирање е строго забрането, пријави за проекти што веќе добиле ЕУ награда (парична награда финансирана од ЕУ) не може да учествуваат во натпреварот.
10. Пријавите за проекти, концепти или идеи што веќе добиле јавно финансирање, вклучително од ЕУ (на пример, грант) се подобни доколку не добиле парична награда од ЕУ.
11. Пријавата ќе содржи основни информации и признавање на авторството на работата/концептот, како и:
    a) Во нишките А и В: најмалку шест фотографии со посочени авторски права и дозвола за нивно користење од Европската комисија. За проекти и иницијативи што не може да бидат претставени преку фотографии, може да се користат други визуелни прикази (графикони, цртежи, итн.).
    b) Во нишката Б: најмалку една фотографија или визуелен приказ на концептот со посочени авторски права и дозвола за нивно користење од Европската комисија.
12. Пријавата ќе се состои од целосно пополнет формулар за пријавување даден на вебстраницата; сите задолжителни полиња мора да бидат

[4] Commission guidelines бр. 2013/C 205/05 за подобноста на израелски ентитети и нивните активности на територии окупирани од Израел од јуни 1967 година понатаму за грантови, награди и финансиски инструменти финансирани од ЕУ од 2014 година наваму (OJEU C 205 од 19.07.2013, стр. 9-11).
[5] **член 136** (L_2018193EN.01000101.xml (europa.eu))

соодветно пополнети. Секој што се пријавува мора да ја потпише Изјавата за приватност што е во прилог на формуларот за пријавување.

13. Оние што се пријавуваат мора во формуларот јасно да ја посочат наградната категорија и нишка за која се пријавуваат.
14. Истиот проект, пример, концепт или иницијатива не може да се поднесе за повеќе категории или за различни нишки.
15. Еден апликант може да поднесе повеќе од една пријава, но тоа мора да бидат различни пријави (проекти, концепти или иницијативи) за различни категории или нишки - видете ја точката 13 погоре. Не е дозволено поднесување на иста пријава двапати. Повеќе пријави што се однесуваат на ист проект, концепт или иницијатива во различни категории или нишки нема да се сметаат за подобни.
16. Сите пријави мора да бидат врзани за специфична локација/територија, да имаат јасна целна група и јасно дефинирана цел(и).
17. Во сите нишки, проектите, концептите и иницијативите што не може да бидат повторени во различни контексти не се подобни. Повторливоста значи можност да бидат изведени или применети на различна локација од онаа од каде потекнува.
18. Пријавите мора да ги исполнуваат следните критериуми во поглед на зрелост (напредок во имплементацијата) што треба да биде поткрепена со документи приложени со формуларот за пријавување:

    а) Проектите под нишка А мора да се веќе целосно завршени во моментот на пријавување. Целосно завршени би значело дека нема проектни компоненти кои недостасуваат (без разлика дали станува збор за физички/опипливи или неопипливи компоненти). Процесите, алатките, бизнис моделите, методите итн. мора да се целосно развиени во моментот на пријавување. Проектите во оваа нишка треба да биле изведени или применети во барем еден конкретен случај.

    б) Концептите под нишка Б може да бидат во различна фаза на развој, од почетни концепти до ниво на прототип, и треба да бидат претставени со план за развој што во општи црти ги изложува чекорите предвидени за натамошен развој, промоција и/или имплементација на концептот со особен фокус на годината по пријавата.

    в) Иницијативите под нишка В може да бидат завршени или во различна фаза на развој, но потребно е минимално ниво на зрелост. Минималното ниво на зрелост се докажува низ призма на преземената обврска на засегнатите страни/промоторот на проектот да го спроведе концептот во пракса, како и на јасната методологија/пристап.

19. Пријавата треба да содржи докази за нивото на зрелост, резултатите и напредок во имплементацијата, кои варираат за секоја нишка, со соодветните документирани докази приложени со пријавата:

    а) За нишката А, пријавата треба детално да ги наведе постигнатите резултати од завршените проекти, како на пример извештај за евалуација, конечен извештај од проектот, релевантни сертификати, итн.

б) За нишката Б, пријавата треба да содржи план за развој што детално ги изложува чекорите предвидени за натамошен развој и имплементација на концептот.

в) За нишката В, пријавата треба да ја опише методологијата/ пристапот и јасно да покаже преземена обврска за имплементација на проектот (нивото на зрелост на иницијативата), како, на пример, среднорочен извештај, градежна дозвола, договор за грант, писмо за поддршка, договор за партнерство итн.

20. Подобните апликации кои не добиле награда Нов европски Баухаус во никоја од нишките и категориите во претходните изданија на наградите Нов европски Баухаус, може повторно да аплицираат со истиот проект, концепт или иницијатива, под услов да ги земат предвид соодветните критериуми опишани во ова Упатство за аплицирање.

**Појаснување за иницијативите подобни за нишка В „Образовни шампиони на Новиот европски Баухаус“**

Ве покануваме вас – експерти, мислители, практичари, соседи, министри, студенти, едукатори или истражувачи – да ни се придружите во активно и видливо придвижување на иницијативата за убави, одржливи и инклузивни проекти што им даваат форма на нашите идни начини на учење и размислување.

За **нишката В**, подобни се проекти фокусирани на преобразба – физичка или поинаква - на места за учење и образование, која таквите места ги поврзува со иновативни педагошки методи и со локалната заедница. Заинтересирани сме за тековни или нови проектни идеи во сферата на образование, учење (формално и неформално), обука, млади и знаење, кои ги одразуваат вредностите на Новиот европски Баухаус (одржливост, естетика, инклузивност) и целат кон преобразба на:

- **физичко место за** учење и образование,
- **начините на учење или стекнување знаење** и/или образовниот и педагошкиот фокус,
- **врската со локалната и пошироката заедница**,
- промоцијата на **нови мултидисциплинарни курикулуми**, итн.

Горенаведената листа не е конечна.

Иако крајната цел е комбинирање на овие три димензии на преобразба, проектите развиени под нишката В треба да имаат минимално ниво на зрелост.

Минималното ниво на зрелост се докажува со преземена обврска на засегнатите страни/промоторот на проектот да го спроведе концептот во пракса, како и со јасна методологија/пристап.

И формалното и неформалното образование и учење се сметаат за подобни во нишката В. Ова значи дека компонентата на учење треба да биде намера, но дека не е нужно да се случува во формална средина.

Онаму каде иницијатива се однесува на физичка преобразба на места, може да вклучува преобразба на места за образование и учење како училишта, градинки, повисоки образовни институции, библиотеки, игралишта, општествени центри, итн.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

Конечното рангирање и селекција на добитниците ќе ги потврди Одборот за евалуација составен од членови на Европската комисија, кои имаат целосна одговорност за правилно водење на натпреварот и за неговите резултати.

Проценката на квалитет на пријавите ќе ја направат надворешни, независни експерти врз основа на следниве критериуми за наградување. За квалитетот на предлогот ќе биде доделен максимум од 100 поени. За секој критериум е потребно минимално бодување од 50%. Само предлози кои ја исполнуваат оваа долна граница може да се најдат на листата на финалисти.

**Критериуми за доделување награди за сите нишки (А, Б и В):**

а) Исклучителен карактер во поглед на трите **централни вредности** на Новиот европски Баухаус **(45/100 поени):**

1. **Одржливост** (во смисла на животната средина, како на пример опфатени начини на зачувување, размислување за животниот циклус и регенерација);
2. **Инклузивност** (во нејзините најразлични димензии, од пристапност и финансиска достапност за сите до инклузивни системи за управување, принципи на дизајн за сите или нови општествени модели),
3. **Естетика и квалитет на искуство за луѓето** (преку дизајн и емотивни и културолошки придобивки, како на пример поврзување со квалитетите на некое место и поттикнување чувство на припадност преку значајни искуства или интегрирање на нови трајни културни и општествени вредности).

б) Исклучителен карактер во поглед на трите главни **работни принципи** на Новиот европски Баухаус **(30/100 поени):**

1. **Партиципаторен процес** (вклученост на граѓаните и заедницата во дизајнот и имплементацијата на проектот),
2. **Вклученост на повеќе нивоа** (разновидни заинтересирани страни),
3. **Трансдисциплинарен пристап** (разновидни полиња на знаење).

в) **Иновативна димензија** во споредба со предоминантните практики. **(10/100 поени)**

г) Висок потенцијал за **преносливост и повторливост** (на пример, на методологијата) во различни контексти **(5/100 поени).**

**Критериуми за доделување награди по нишка:**

**За нишка А: Шампиони на Новиот европски Баухаус**

д) Докажани **резултати или влијанија** на предлогот во однос на неговите цели и во поглед на она што се очекува во контекст на соодветната категорија. Ова вклучува и придобивки од проектот за директни и индиректни корисници. Концептите треба да нудат локални решенија за глобални предизвици. **(10/100 поени)**

**За нишка Б: Ѕвезди во подем на Новиот европски Баухаус**

ѓ) Значајност, квалитет и кредибилитет на **планот за развој на концептот**, со особено внимание посветено на чекорите предвидени за годината што следи по пријавата. Планот треба да го вклучува опсегот на предвидените резултати и придобивки од примената на концептот за директните и индиректните корисници. Резултатите и придобивките треба да бидат детално наведени во врска со целите на концептот и со она што се очекува во контекст на соодветната категорија. Концептите треба да нудат локални решенија за глобални предизвиви. **(10/100 поени)**

**За нишка В: Образовни шампиони на Новиот европски Баухаус**

е) Опсег на **напредок во имплементација на иницијативата**. Ова може да вклучува веќе докажани резултати или влијанија на проектот во врска со целите на иницијативата и со она што се очекува во соодветната категорија. Ова може да вклучува и развоен план за иницијативата, со особено внимание посветено на чекорите предвидени за годината што следи по пријавата. Планот треба да го вклучува опсегот на предвидените резултати и придобивки за директните и индиректните корисници. Иницијативите треба да нудат локални решенија за глобални предизвиви. Докажаната значајност на иницијативата за развој на нови компетенции, особено Европската рамка за компетенции за одржливост[6] се смета за предност. **(10/100 поени)**

## Дополнителни критериуми за доделување награди

Имајќи го предвид рангирањето на пријавите врз основа на критериумите за доделување наведени погоре, конечниот избор на жирито (препорака за добитници меѓу финалистите), ќе ги земе предвид следните дополнителни критериуми:

(i) географска разновидност,
(ii) рамнотежа меѓу пријавите што се однесуваат на физичка преобразба на изградено опкружување („цврсти инвестиции“) и други видови преобразби („меки инвестиции“),
(iii) Разновидност на контексти (рурален/урбан, од мал размер/поголем размер итн.).

Што се однесува до географската разновидност, жирито ќе се погрижи ниту една земја-членка на ЕУ или партнер од Западен Балкан што учествува да не биде претставен(а) повеќе од двапати меѓу наградите во сите категории и нишки, вклучувајќи го и резултатот од јавното гласање.

[6] https://education.ec.europa.eu/focus-topics/green-education/learning-for-the-green-transition

## ПРОЦЕС НА СЕЛЕКЦИЈА

Процесот на селекција на победниците го организира и проверува Одбор за евалуација составен од претставници на Комисијата. Одборот ќе обезбеди почитување на важечките правила, вклучително и во однос на конфликт на интереси. Одборот не ги оценува самите апликации.

Процесот на селекција ќе се одвива во неколку чекори.

1. **Проверка на подобност** (планирана за февруари 2023 година)

Одборот за евалуација ќе ги прегледа сите пријави за да ја оцени нивната подобност согласно долунаведените критериуми.

2. **Проценка на квалитет** (планирана за март-април 2023 година)

Надворешни експерти ќе бидат избрани од службите на Комисијата за да извршат проценка на пријавите. Европската комисија ќе објави „Повик за изразување интерес“ во потрага по експерти кои имаат стручност релевантна за Новиот европски Баухаус (балансирана разновидност на експертиза во врска со одржливост, инклузија и естетика), како и во образованието. Ќе се земе предвид и родовата и географската рамнотежа. Експертите не смеат да имаат никаков удел во пријавите поднесени за конкурсот за наградите Нов европски Баухаус.

Избраните експерти ќе ги оценат пријавите и ќе доделат поени врз основа на критериумите спомenати подолу. Секоја подобна апликација ќе биде оценета од двајца различни експерти.

Списокот на финалисти ќе биде формиран со избирање на трите пријави со најмногу поени во секоја категорија и нишка и ќе содржи најмалку 36 финалисти. Доколку во примерокот од 36 најдобри пријави не е претставена одредена земја-членка на ЕУ или партнер од Западен Балкан, најдобро оценетиот подобен проект од оваа земја ќе биде додаден на листата на финалисти. Ова правило се применува под услов најдобро оценетиот проект во дадена земја да ги има исполнето сите критериуми за подобност и да има минимален квалитет, сфатен како најмалку 50% од бодовите во секоја категорија од критериумите за доделување (види подолу).

3. **Јавно гласање** (планирано за мај 2023 година)

Пријавите на финалистите ќе бидат ставени на вебстраницата за јавно гласање за да се утврди добитник од јавното гласање во секоја нишка. Јавното гласање ќе биде отворено за сите поединци и ентитети кои би сакале да гласаат, доколку имаат валидна електронска адреса. Гласањето ќе се одвива преку безбеден онлајн систем. Секој гласач ќе биде поканет да гласа за две пријави во секоја нишка (вкупно за шест проекти-финалисти). Ќе биде наградена пријавата со најмногу гласови во секоја нишка.

4. **Оцена од жири** (планирана за мај 2023 година)

Пријавите на финалистите ќе ги оценува финално експертско жири составено од девет члена. Експертите во финалното жири ќе бидат избрани за да се обезбеди балансирана разновидност на експертиза околу трите димензии на иницијативата Нов европски Баухаус (одржливост, инклузија и естетика), како и во образованието. Ќе се земе предвид и родовата и географската рамнотежа. Членовите, исто така, ќе потврдат дека нема никаков конфликт на интереси во однос на која било од пријавите на финалистите.

Финалното жири ќе поднесе предлог за победнички проекти, концепти и иницијативи во секоја категорија и нишка, имајќи го предвид квалитетот на пријавите, како и **дополнителните критериуми** наведени во горенаведените критериуми за доделување.

Финалното жири ќе функционира на основа на консензус. Во случај на постојано разликување на ставовите, одлуки може да се донесат со мнозинство од шест експерти.

5. **Утрдување на резултатите** (планирано за мај-јуни 2023 година)

Одборот за евалуација најпрво ќе ја провери регуларноста на целиот процес, ќе ги разгледа резултатите од јавното гласање и предлогот на финалното жири и ќе ја утврди листата на избраните добитници (еден по нишка и по категорија и тројца добитници преку јавно гласање – вкупно 15 добитници).

Секој добитник може да добие награда само еднаш, односно или од јавното гласање или преку препорака на жирито. Во случај кој било од тројцата добитници од јавното гласање да стане дел од конечната листа на 12 најдобро оценети пријави предложени од финалното жири, тие ќе бидат заменети со втората најдобро оценета пријава во истата нишка и категорија.

Европската комисија ќе ги додели наградите на избраните добитници врз основа на препораките на Одборот за евалуација.

**Откажување на наградата**

Комисијата може да го откаже натпреварот или да одлучи да не ја додели наградата во која било или во сите категории, без никаква обврска да им надомести на учесниците, доколку: (а) не е примена ниту една пријава; (б) Одборот за евалуација не може да одбере добитник во секоја категорија и нишка; в) добитниците не ги исполнуваат условите или мора да бидат исклучени.

**Повлекување на наградата**

Комисијата може да ја повлече наградата по нејзиното доделување и да ги поврати сите извршени плаќања доколку открие дека: (а) биле користени лажни информации, измама или корупција за нивно добивање; (б) добитникот не ги исполнувал условите или требало да биде исклучен; (в) добитникот сериозно ги прекршил своите обврски според горенаведените правила на овој натпревар.